**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

Арх. бр. 10 - 3198/1
10. 11. .2020 година
Скопје

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 44 од Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 445/2019), Деканот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје, проф. д-р Ќиро Ивановски ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за распишување избори на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје

**Член 1**

Се распишуваат избори на 10 (десет) членови на Факултетското студентско собрание и 1 (еден) претседател на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје.

Изборите ќе се спроведат на 10.12.2020 година (четврток).

**Член 2**

Се именува изборна комисија за спроведување на изборите за членови на Факултетското студентско собрание и за избор на претседател на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје во следниот состав:

1. Муниса Селим, студент – член
2. Ангела Ангелова, студент – член
3. Андреј Влашки, студент – член
4. доц. д-р Марина Ефтимоска – член
5. доц. д-р Гордана Апостолова – член

**Член 3**

Кандидатите за претставници во Факултетското студентско собрание се утврдуваат на собири на студенти по предлог на студентите од студиските програми од додипломски студии и по предлог на студентите запишани на постдипломски и докторски студии.

Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти кои се запишани на студии во учебната 2020/21 година и имаат запишан зимски семестар.

**Член 4**

Секој студент со запишан зимски семестар во учебната 2020/2021 може да предложи кандидатит/и или да се предложи себе за кандидат за член на Факултетското студентско собрание или за кандидат за претсетател на Факултетското студентско собрание.

**Член 5**

Факултетско студентско собрание го сочинуваат претставници од студентите и тоа:
од студиска програма за доктори по дентална медицина, 6 (шест)
од студиска програма за стручни забни техничари 2 (два),
од студиска програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози 1 (еден),
од студиските програми од втор и трет циклус 1 (еден),

Кандидат за член во Факултетското студентско собрание, кој е претставник од студиската програма за доктори по дентална медицина се смета дека е запишан во зимски семестар од студиската година од која следи настава по предмети со најголем број кредити.

Кандидат за Претседател на студентското собрание може да биде студент кој ги положил сите испити заклучно со трети семестар.

Изборната комисија ги утврдува кандидатите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание.

**Член 6**

Организацијата и спроведувањето на изборите од член 1 на оваа одлука детално ќе биде регулирано со донесување на Упатство од страна на Изборната комисија.

**Член 7**

Се задолжува изборната комисија од член 2 на оваа Одлука изборите за членови на Факултетското студентско собрание и за избор на претседател на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Статутот на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Статут на Факултетското студентско собрание на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Упатството за спроведување на изборите..

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата да се објави на веб страната на Факултетот.

**Декан**
**проф.д-р КироИвановски**

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
Стоматолошки факултет Скопје

ДД: членови на комисија; веб страна; архива.

Изработил: м-р спец. ВлаткоКоколански
Проверил: Елизабета Алексовска
Одобрил: Драгица Митревска Исаиловска